**Mellon Group** е водечка грчка мултинационална групација која нуди специјализирани решенија и услуги со цел да ги задоволи барањата на финансиските институции и другите организации чиј бизнис е насочен кон големи групи на клиенти. **Mellon Group** е со седиште во Атина, Грција и моментално брои преку 6.000 вработени во 12 земји.

**Мелон Солушнс Дооел**, членка на **Mellon Group**, за својата канцеларија во Скопје има потреба од:

## Техничар за поддршка и сервис на техничка опрема
## [реф. бр. 2022-015]

### Профил на работната позиција:

- Обезбедување на поддршка и сервис на техничка опрема (банкомати, пос-терминали, системи за ред на чекање итн.);
- Делување како посредник помеѓу крајните корисници и Мелон;
- Следење на оперативноста и функционалноста и инсталираните уреди;
- Пријавување и ескалирање на технички проблеми поврзани со уредите.

### Профил на кандидатот:

- Минимум средно образование (електротехника, информатика или сродна струка);
- Основно познавање од областа на IT технологија (хардверски компоненти, оперативни системи и компјутерски мрежи);
- Основно познавање од областа на електрониката и ниска струја;
- Одлично познавање на MS Office;
- Комуникативна и амбициозна личност со желба за усовршување;
- Способност за тимска работа;
- Важечка возачка дозвола Б категорија (работната позиција предвидува чести патувања на територија на РСМ).

### Предвидена обука:

Избраниот кандидат задолжително ќе помине обука.

Изборот ќе се изврши согласно условите и роковите предвидени во Законот за работни односи.

Компанијата го задржува правото да не избере ниту еден кандидат.

**Заинтересираните кандидати треба да ја испратат својата биографија на следната e-mail адреса: jobs.mk@mellongroup.com најдоцна пет дена од објавувањето на огласот.**

**Мелон Солушнс Дооел**
**ул. Франклин Рузвелт бр.19,**
**1000 Скопје**

**Согласно Законот за заштита на лични податоци, по истекот на рокот за избор на кандидатот сите пристигнати биографии ќе бидат уништени.**